СИНДИКАТ НА УПОЗ НА РМ
- Организационен одбор СИС УПОЗ -

# ПРАВИЛА И ПРОПОЗИЦИИ
За организација на спортски игри и средби
на членовите на Синдикатот на УПОЗ (СИС - УПОЗ)

Скопје, април 2013 година

СИНДИКАТ
УПОЗ
Синдикат на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Македонија - УПОЗ
Бр. 02-218/1
29.04 2013 год.
СКОПЈЕ

Согласно член 13 од Правилникот за организација и спроведување на спортски игри и средби на членовите на Синдикатот на УПОЗ (СИС-УПОЗ), Организациониот одбор СИС УПОЗ на седницата одржана на 18.04.2013 година, донесе

# ПРАВИЛА И ПРОПОЗИЦИИ
за одржување на спортски игри и средби
на Синдикатот на УПОЗ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Натпреварите по правило се одржуваат во следните дисциплини:

| | | |
|---|---|---|
| ЖЕНИ | - стрелаштво<br>- пикадо<br>- пливање<br>- шах | - баскет<br>- пинг-понг<br>- тенис |
| МАЖИ | - мал фудбал<br>- пинг-понг<br>- стрелаштво<br>- пливање | - пикадо<br>- кошарка<br>- тенис<br>- шах |
| Заеднички дисциплини | | - влечење јаже<br>- одбојка на песок<br>- пинг-понг |

**1.Идентификација на натпреварувачите и почеток на натпреварите**

Пред започнување на секој натпревар натпреварувачите се должни да го докажат својот идентитет со членска книшка на Синдикатот на УПОЗ и лична карта.

Екипите мора да настапат во точно закажано време. Во случај кога некоја екипа нема да се појави на теренот по истекот на 15 мин. од закажаното време, а не ја најавила спреченоста за отсуството, екипата го губи натпреварот.

Доколку екипата не може да настапи во закажаното време од објективни причини, водачот или капитенот на истата е должен да го извести делегатот и координаторот 15 минути пред почетокот на натпреварот.

Во договор меѓу екипите, со координаторот и делегатот, може да се менува времето на одигрување на натпреварот, доколку за тоа постојат услови.

**2.Опрема на натпреварувачите**

Опремата на играчите за дисциплините: мал фудбал и кошарка, мора да биде еднообразна (со можност да имаат и нумерирани маици и гаќички), а не можат да настапат со копачки и патики со крампони.

**3.Извлекување на групите за натпревари.**

Пред почетокот на игрите, капитените на екипите и Комисијата за натпревари на спортските игри организираат извлекување на групите и паровите и делегираат по еден претставник од својата екипа чија задача е да ги решава споровите и неусогласеностите за време на натпреварите кои не се регулирани со овие пропозиции. Другите спорови и жалби ги решава Комисијата за натпревари на спортските игри.

**4.Критериуми за бодирање и пласман**

Победникот во генералниот пласман се одредува според собраните бодови од сите дисциплини кои се бодуваат на следниот начин:

- за освоено прво I место - 5 (пет) бода;
- за освоено второ II место - 3 (три) бода,
- за освоено трето III место - 1 (еден)бод;

Бодирањето за дисциплината тенис каде натпреварите се поединечни се бодува:

- за освоено прво I место - 3(три) бода;
- за освоено второ II место -2 (два) бода;
- за освоено трето III место -1 (еден) бод.

Екипите кои се пријавиле во одредена дисциплина, а не се појавиле на натпреварот губат 1(еден) бод.

**5.Обврски на екипите**

По завршувањето на секој натпревар, делегатот е должен да состави записник кој треба да го потпишат, судијата и капитените на екипите кои се натпреварувале и истиот да го достави до Комисијата за натпревари на спортските игри.

Сите екипи се должни најдоцна 15 (петнаесет) дена пред почетокот на игрите до Комисијата за натпревари на спортските игри да достават заверен допис со бројот на учесниците на игрите и да пријават дисциплини во кои ќе се натпреваруваат.

Член на органите и телата на Синдикатот на УПОЗ може да учествува на СИС УПОЗ без можност истиот да биде водач на екипата и/или капитен, во било која дисциплина.

Натпреварувачот кој поради неспортско однесување ќе биде исклучен од игра до крајот на натпреварот, губи право на играње на следниот натпревар доколку Комисијата за решавање на приговори не донесе поинаква одлука.

Екипа или поединец, ако предизвика/ат безредие за време на игрите, напуштање на теренот или настапи со играч кој нема право на настап, Организациониот одбор ќе ја исклучи од натамошните натпревари во таа дисциплина, а во зависност од тежината на престапот може да ја исклучи комплетната екипа од СИС.

Секоја екипа должна е спортски да ги прифати одлуките на Комисијата за натпревари на спортските игри, со што ќе придонесе за правилно одвивање на игрите и постигнување на целта на истите.

**6.Право на жалба**

Незадоволните екипи имаат право на жалба која се доставува писмено преку делегатот до Комисијата за натпревари на спортските игри 15 минути по завршување на натпреварот, а истата се најавува во записникот по завршувањето на натпреварот. Ненајавената жалба нема да се разгледува.

Комисијата за натпревари на спортските игри е должна во рок од 60 (шеесет)минути од приемот на жалбата, да одлучи по жалбените. Одлуката е конечна, доколку за неа гласаат мнозинството од присутните членови.

**7.Друго**

а) Организациониот одбор на спортските игри е должен да ги обезбеди сите услови за нормалмно одвивање на натпреварите (терени, судии, делегати, лекар итн.).
б) За системот на натпреварувањето одлучува Комисијата за натпревари на спортските игри, која е должна истите да ги извести.

## II. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

## НАТПРЕВАР ВО МАЛ ФУДБАЛ

Натпреварите се играат на терен за мал фудбал, со топка бр.4.
Екипата брои 10 (десет) играчи од кои 4+1 (четири и голман) се во игра.
Екипата може да настапи со најмалку 3+1 (четири играчи). Измената на играчи може да се врши во текот на целиот натпревар со тоа што заменетиот играч може повторно да влезе во игра, со задолжително јавување на делегатот и судијата.
Должината на траењето на натпреварот е 2 х 15 минути со одмор на полувремето од 5 (пет) минути.
Финалниот и натпреварот за 3-то место се играат 2 х 20 минути.
За неспортско однесување или груба игра, судијата може да го исклучи играчот на две (2) или пет (5) минути или до крај на натпреварот а на местото на исклучениот играч не може да влезе резервен играч.
Исклучениот играч нема право на настап на следниот натпревар.
Уфрлувањето на топката од аут е со нога.
За време на изведување на слободниот удар, противничкиот играч мора да биде на растојание од 3 (три) метри од топката.
Доколку натпреварот заврши нерешено, победникот се добива со изведување на пенали.
Доколку финалниот натпревар заврши нерешено, се игра продолжение од 2 х 5 минути а ако и тогаш резултатот биде нерешен, се изведуваат по 5 (пет) пенали наизменично. Ако и тогаш не се добие победник наизменично се изведуваат пенали до добивање на конечниот победник.
Исклучениот играч кој не е во игра а натпреварот се одлучува на пенали, нема право да изведува пенал.

## НАТПРЕВАР ВО ШАХ

Екипата брои 4 члена.
Партиите се играат брзопотезно со време 2 х 15 минути и натпреварувачот на кого ќе му истече времето од 15 минути пред да заврши партијата, ја губи истата.
Натпреварувањето се одвива според правилата на ФИДЕ и дополнителните правила за забрзан завршеток.
Екипите се должни да дојдат на одигрување на натпреварот во однапред определеното време. Ако екипата доцни, нејзиното време за играње на партиите тече.
Домаќин на натпревар е првоименуваната екипа во распоредот за натпревари. Домаќинот игра со бели фигури на првата и на третата табла, а со црни фигури на втората и четвртата табла.
Екипите се должни пред почетокот на натпреварите да ги пријават натпреварувачите и нивниот распоред на таблите кој важи во текот на целото натпреварување. Се пријавуваат 4 нетпреварувачи, а може да се пријави и 1 (еден) резервен натпреварувач што ќе настапува на таблата на која е пријавен играч што не е присутен.

## НАТПРЕВАР ВО ПИНГ-ПОНГ (мажи, жени и мешано м/ж)

Екипата брои два (2) плус еден (1) резервен натпреварувач/ка. Натпреварот се игра во две добиени партии а секоја партија се игра во два добиени сета до 11 поени, со 2 поени разлика и промена на серва на секои 2 серви.
Доколку натпреварот заврши нерешено, се игра нова партија во парови.
Натпреварувачите т.е. екипите се должни да озбедбедат рекети и еднообразна опрема, додека Организациониот одбор е должен да ги обезбеди сите други потребни услови за нормално одвивање на натпреварите.

## НАТПРЕВАР ВО СТРЕЛАШТВО

Натпреварите во стрелање се одржуваат со воздушни пушки од сериско производство кои ги обезбедува Организационот одбор и задолжително ги користат сите напреварувачи/ки. Натпреварувањето е екипно, а резултатите се регистрираат поединечно.
Екипата брои три (3) натпреварувачи/ки. Резултатите се собираат.
Секој натпреварувач/ка има право на 5 пробни дијаболи и 2 х 5 дијаболи кои се регистрираат за резултат. Метата се менува на секои 5 испукани дијаболи.
Максималното време за стрелање е 15 минути.

## НАТПРЕВАР ВО ПИКАДО

Натпреварувањето е екипно а резултатите се регистрираат поединечно.
Екипата брои три (3), а најмалку два (2) члена и резултатите се собираат.
Ако екипата настапи со два (2) натпреварувачи, при бодирањето се зема како да имала три, при што кај резултатот на третиот натпреварувач се запишува нула.
Натпреварувањето се одржува под следните услови:
-метата е оддалечена 3,00 м.;
-висината на која е поставена метата изнесува 1,75 м.; и
-секој натпреваувач стрела 1 х 3 пробни стрелки а 2 х 5 стрелки се бодираат за резултат.
Исправен е погодокот на стрелката која ќе остане на метата до уфрлањето на последната стрелка од серијата.
Стрелките и метите за пикадо ги обезбедува организаторот на игрите.

## НАТПРЕВАР ВО КОШАРКА

Екипата се состои од 10 (десет) играчи од кои 5 (пет) во игра.
Натпреварот трае 2 x 10 минути, со тоа што во последните 3 минути се регистрира само ефективното време (чиста игра) и се мери времето за напад на 24 секунди.
Бонусот е определен на 3 лични грешки во секое полувреме.
Играчот кој направил 4 лични или технички грешки мора да ја напушти играта, со право на негова замена.
Секоја екипа има право на еден тајм-аут во секое полувреме. Времето на тајм-аутот е една (1) минута и не влегува во времето за игра.
Измените се извршуваат во период кога топката е надвор од просторот за игра. Играчите кога влегуваат во игра должни се да се јават на судијата, односно делегатот.
Натпреварот го водат двајца судии.
Во случај на нерешен резултат, се играат продолжувања од 3 минути, најмногу до 2 продолжувања. Доколку и тогаш натпреварот заврши нерешено, победникот се добива со ждрепка.

## НАТПРЕВАР ВО ОДБОЈКА НА ПЕСОК (ЗАЕДНИЧКА ДИСЦИПЛИНА)

Екипите настапуваат со 2 натпреварувачи (натпреварувач и натпреварувачка) и 2 резервни натпреварувачи во ист состав.
Се игра во еден добиен сет до 25 поени (на два поени разлика).
На секои 5 поени се менува страната.
Натпреварувачите сервираат наизменично.
Финалниот и натпреварот за 3-то место се играат во два добиени сета до 12 поени (на два поени разлика).
На секои 4 поени се менува страната.
Треттата топка не може да биде префрлена со прсти, туку со некаква симулација на смеч.
Нема преминување на средната линија.
Секоја екипа има право на два тајмаута од 30 (триесет) секунди во сет до 25 поени, а во сет до 12 поени еден тајмаут од 60 секунди.

## НАТПРЕВАР ВО БАСКЕТ - ЖЕНИ

Екипата се состои од шест (6) играчи од кои три (3) во игра.
Во текот на натпреварот секоја екипа има право на два тајм-аута во траење од по 30 секунди.
По постигнат кош топката е во посед на екипата што примила кош, а играта ја започнува од бочната линија на теренот во висина на линијата за слободни фрлања.
Натпреварот го суди еден судија. Правилата за однесување на судијата се исти со оние определени со службените правила за кошарка.
Играчот кој направил пет (5) лични или технички грешки мора да ја напушти играта, со право на замена.
Бонусот е 4 (четири) лични грешки, секој нареден прекршок се казнува со едно слободно фрлање на играчот над кого е направен прекршокот.
По изведеното слободно фрлање доколку не биде постигнат кош екипата го задржува поседот на топката, во спротивно таа и припаѓа на противничката екипа.
Се судат три секунди.
Нападот е ограничен на 24 секунди.

Во сите други непредвидени случаи ќе се применуваат правилата наведени во службените правила за кошарка.
Играта завршува кога една од екипите ќе постигне девет поени.

**НАТПРЕВАР ВО ТЕНИС**

Натпреварите се одржуваат во поединечна конкуренција.
Натпреварот трае еден сет до шест гема, со два разлика во гемови, при резулатот 6:6 се игра тај брејк до 7 поени со два поени разлика, а при резултат 7:7 во тај брејк се игра до два поени разлика.
Финалниот натпревар се игра во два добиени сета.

**НАТПРЕВАР ВО ТЕГНЕЊЕ ЈАЖЕ**

Екипата ја сочинуваат седум (7) члена - четири (4) машки и три (3) женски натпреварувачи.
Натпреварувањето се изведува по куп - систем, а го суди еден главен судија (на средина) и двајца помошници (на обата краја).
Победник е онаа екипа која од три влечења ќе победи во две.

**НАТПРЕВАР ВО ПЛИВАЊЕ**

Натпреварите се одвиваат во 25-метарски базен.
Екипите имаат по два натпреварувачи.
Се плива слободен стил.
Машките екипи се натпреваруваат во дисциплина 50 метри, а женските во дисциплина 25 метри.
Збирот на времињата на двајцата натпреварувачи односно натпреварувачки го одредува пласнамот на екипите.

Организационен одбор,
Претседател
Пецо Грујовски